*Културата на комуникација и културата на јазичното изразување, како дел од културата на комуникација, се неразделен дел од животот во една заедница. Тие се показател на напредокот на таа заедница, одраз на квалитетот на животот во таа заедница. Книгата „Култура на изразувањето“ од авторката д-р Виолета Николовска се занимава токму со оваа проблематика, за која кај нас, за жал има многу малку пишувано... Во јавната кому- никација, културата на јазичното изразување не е само личен квалитет, туку е и општествено барање. Таа е показател и на личниот стил на живеење, но и слика на стилот на живеење во една средина. Културата се учи, се стекнува. Таа се гради. Книгата „Култура на изразувањето“ е еден убав прилог кон градењето на културата на комуникација и културата на јазичното изразување.*

**д-р Веселинка Лаброска, Директор на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (рецензент)**

*Сегмент од секое современо општество е културата на живеење, во која главно место зазема токму културата на комуникација и културата на јазично изразување. Книгата „Култура на изразувањето“ од авторката д-р Виолета Николовска се занимава токму со оваа проблематика. Таа најпрвин се задржува општо на комуникацијата и на културата на комуникација, за потоа да се задржи на културата на јазичното изразување. Авторката ги анализира состојбите, дава примери и модели како треба убаво да се изразуваме и на крај се задржува на тоа како може да се подигне нивото на култура на јазичното изразување во нашата средина.*

**д-р Катица Трајкова , Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (рецензент)**

*ISBN 978-9989-57-874-8*

*ВИОЛЕТА НИКОЛОВСКА*

# *КУЛТУРА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО*



*Скопје, 2012*